Врз основа на Статутот на МИТ Универзитет – Скопје, Правилникот за студирање и Правилникот за финансирање на одделни групи на студенти, со цел остварување на општествена одговорност како инклузивна и мултикултурна високо образовна институција, на консултативна Седница помеѓу Органот на Основачот и Ректорот на МИТ Универзитет – Скопје, одржана на 12.07.2017 година се донесе следната

**ОДЛУКА**

**за бесплатно студирање/стипендирање на ученици со завршено четири годишно средно образование со одличен успех и покажани високи резултати во вон училишни активности**

1. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од македонска национална припадност.

2. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од албанска национална припадност.

3. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од српска национална припадност.

4. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од хрватска национална припадност.

5. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од влашка национална припадност.

6. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од бошњачка национална припадност.

7. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од турска национална припадност.

8. Бесплатно студирање на 5 студенти со одличен успех од бугарска национална припадност.

9. И како најмаргинализирана популација, бесплатно студирање на 10 студенти со одличен успех од ромска национална припадност.

Стипендираните студенти имаат право да одберат да студираат на било кој од акредитираните факултети и студиски програми во рамките на МИТ Универзитет – Скопје.

Предност во изборот на стипендираните студенти ќе имаат лица од социјално загрозени семејства.

- Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.
- Одлуката да се објави во универзитетскиот гласник, на веб страницата на МИТ Универзитет - Скопје и во дневен печат со цел транспарентно информирање на заинтересираните студенти.

| | |
|---|---|
| МИТ Универзитет | МИТ Универзитет |
| Генерален директор | Ректор |
| М-р Билјана Апостолова | Проф.д-р Маријан Стевановски |